**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Елементал.ТВ ЕООД, Р.Бугарија над целниот бизнис кој се состои од ТВизио договори,база на податоци за клиенти и ТВизио имотот од ТВизио БГ ЕООД, Р.Бугарија**

**(предмет бр. 08-103 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 24.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се оснедува на стекнување на самостојна контрола од страна на Елементал.ТВ ЕООД, Р.Бугарија со регистрирано седиште на ул.122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМЦ2, Софија, Р.Бугарија над целниот бизнис кој се состои од ТВизио договори,база на податоци за клиенти и ТВизио имотот од ТВизио БГ ЕООД, Р.Бугарија со регистрирано седиште на Витоша, бр.32 Бул. Александар Пушкин, трети кат, стан 14, Софија, Р.Бугарија.

**-Елементал.ТВ ЕООД** е дистрибутер на медиумски содржини по пат на ОТТ платформи од Софија, Бугарија. Онлине ТВ програмите кои ги дистрибуира Елементал.ТВ се пред се наменети за корисниците во Република Бугарија.

Елементал.ТВ е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Макеоднија преку следните индиректно зависни друштва:

-ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Коста Веселинов бр.5-1 лок.2-Скопје-Центар, Северна Македонија, кое се бави со дејности на агенција за маркетинг, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

-УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр.14, Скопје, Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Целниот бизнис опфаќа дигитална платформа која функционира преку веб-страницата www.tvizio.bg и www.bgtv-on.com, како и соодветните мобилни апликации за Android и iOS оперативни системи. ОТТ платформите им овозможуваат на корисниците пристап до догитални содржини во облик на аудио-визуелни и други медиумски содржини, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, радио и телевизиски програми.

Продавачот нема зависни друштва во Северна Македонија и во претходната година не оставрил приходи во Северна Македонија.

Подносителот смета дека за потребите на предметното Известување не е неопходно конечно дефинирање на релеватниот пазар на стоки, бидејќи, без оглед на усвоената дефиниција, Трансакцијата нема да има било какви ефекти на конкуренцијата во Република Северна Македонија со оглед дека Целниот бизнис не е воопшто присутен на пазарот во Република Северна Македонија.

Од овие причини, а во согласност со претходната пракса на Комисијата, прецизната дефиниција на релеватниот пазар на стоки може да остане отворена.

Сепак, со намера за доставување на целосни информации, а и имајќи ги предвид главните деловни кативности на целниот бизнис глобално, односно во Бугарија, Подносителот смета дека релевантниот пазар на стоки би можел да се дефинира како: ***пазар за обезбедување на услуги на дистрибуција на медиумски содржини.***

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

26.06.2025 година

Скопје